Архивски знак. 0105
Рок на чување. 15 год.
13.01 2025 година
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.31.УП.010.09

# УПАТСТВО
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА СО ПРИМЕНА НА НКТС

Јануари 2025

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 12.02.2014 | Прво издание | / | / |
| 02 | 02.07.2014 | Второ издание | Измена<br><br>Дополнети | Т.43,47,49,50,55,56, 108 и 109<br>Т.11, 55, 69 и 100 |
| 03 | 03.03.2015 | Трето издание | Измена | Т. 108 и 109 |
| 04 | 19.05.2015 | Четврто издание | Измена<br><br>Дополнети<br><br>Избришани | Т. 2, 7, 14-28, 30-47, 50-76, 81-89, 91, 92, 94, 96-111;<br>Изменет насловот на деловите III.4, III.5, III.8 и III.9;<br>Изменета нумерација од Т. 8 до 111;<br><br>Преамбула<br>Т.1, 3, 5, 6, 8-11, 19, 20, 22, 23, 70, 74, 77-80, 90, 93 и 95;<br>Нови Т.8-14, 61-69.<br>Т. 43, 49, 53 и 54. |
| 05 | 01.11.2016 | Петто издание | Измена<br><br>Дополнети | Преамбула; Т. 6, 21, 26, 32, 65, и 77<br>Нов дел VIII, Нови Т. 105-116, изменета нумерација на Т. 117 до 123 |

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 06 | 25.09.2017 | Шесто издание | Измена<br><br>Дополнето | Т. 6, 26, 29, 38, 76, 77, 79, 80, 81, 118 и 123<br>Нови Т. 119 и 120, изменета нумерација на Т. 119 до 123 кои стануваат Т. 121 до 125 |
| 07 | 27.08.2019 | Седмо издание | Измена<br><br>Дополнети | Преамбула; Т. 6, 8, 9, 10, 11, 15, 22, 27, 38, 41, 44, 48, 58, 62, 80, 84, 122 и 132<br>Нов дел V.2, Нови Т. 12, 69-74, 81, изменета нумерација на Т. Од 12 до 124, |
| 08 | 12.01.2021 | Осмо издание | Дополнето | НовиТ. 47, 67, 78 и 93, изменета нумерација на Т.од 47 до 136 |
| 09 | | Деветто издание | Изменети<br><br>Дополнети<br><br>Избришани<br><br>Сменета нумерација | Т. 23, 25, 26, 29, 47, 72, 79, 86, 116, 132, 135, 136<br><br>Преамбула; Т. 1, 6, 13, 27, 30, 32, 33, 53, 54, 55, 56, 57, 59, 90, 128; нови Т. 22, 60,61, 62, 91 и 93<br><br>Т. 22, 23, 24 и 93<br><br>Од Т. 23 до крај |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на РМ" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА СО ПРИМЕНА НА НКТС

## I. Општи одредби

1. Со ова упатство се уредуваат обврските и постапките кои ги преземаат царинските службеници од појдовната, транзитната, одредишната и гарантната испостава, како и Централната транзитна испостава и испоставата за регистрирање на инциденти, при спроведување на транзитната постапка со примена на Новиот компјутеризиран транзитен систем (во понатамошниот текст: НКТС) на национално ниво и во рамките на заедничката транзитна постапка која се спроведува помеѓу договорните страни на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (во понатамошниот текст: КЗТ).

2. Предмет на уредување на ова упатство е транзитната постапка во редовна и поедноставена постапка (овластен испраќач и овластен примач) и постапување со податоци од ТИР карнет кои се внесени во НКТС (НКТС ТИР).

3. Ова упатство се применува заедно со Прирачникот за транзитна постапка на Европската Комисија, Директорат за оданочување и Царинска Унија[1].

4. Електронската декларација за транзитна постапка е задолжителна, додека хартиените декларации се применуваат за стока која се превезува од страна на патници кои немаат директен пристап до НКТС или пак, во случај на примена на резервна постапка.

5. Поднесувањето на транзитната декларација и извршувањето на формалностите во транзитната постапка, задолжително се врши со употребата на техника за електронска обработка на податоци, при што своерачните потписи на економските оператори се заменуваат со дигитален потпис.[2]

---

[1] Прирачникот на англиски јазик е објавен на следниот линк:
http://ec.europa.eu/taxation_customs/customs/procedural_aspects/transit/common_community/index_en.htm
Прирачникот на македонски јазик е објавен на следниот линк: http://carina.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=387

[2] За да можат економските оператори да поднесуваат транзитни декларации и да ги извршуваат формалностите со користење на НКТС мора да добијат одобрение за пристап до НКТС, подетално опишано во Прирачникот за начинот, постапката и условите за издавање на одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на

## II. Употребени поими и дефиниции
### II.1. Основни поими

6. Поимите и дефинициите во ова упатство го имаат следното значење:
   - КЗТ[3] е Конвенцијата од 20 мај 1987 година со сите нејзини дополнителни измени, со која се уредува спроведувањето на транзитната постапка помеѓу договорните страни на Конвенцијата. Договорни страни на Конвенцијата се земјите членки на Европската Унија и земјите на заеднички транзит (земји членки на ЕФТА, Република Турција, Република Србија, Република Северна Македонија и Република Украина);
   - ТИР Конвенција е Царинска конвенција за меѓународен транспорт на стока со ТИР карнети од 1975 година со сите нејзини дополнителни измени со која се уредува спроведувањето на транзитната постапка помеѓу договорните страни на Конвенција со употреба на ТИР карнети како транзитни декларации и гарантни документи;
   - ТИР операција е оној дел од ТИР транспортот кој се врши на територијата на една Договорна страна, од појдовен царински орган или орган на влез (на поминување) до одредишен царински орган или орган на излез (на поминување);
   - НКТС е компјутерски систем за транзит преку кој се разменуваат електронски пораки помеѓу економските оператори и надлежните царински органи, како и помеѓу самите царински органи;
   - Транзитен придружен документ (во понатамошниот текст: ТПД) е документот кој ја придружува стоката и кој е испечатен од НКТС врз основа на податоците од електронската транзитна декларација. Во случај на транзитна постапка со повеќе наименувања се печати Список на наименувања кој се употребува заедно со ТПД;
   - Транзитен придружен документ/документ за сигурност (во понатамошниот текст: ТПД/ДС) е документот кој ја придружува стоката и кој е испечатен од НКТС врз основа на податоците од електронската транзитна декларација која содржи податоци од влезната или излезната збирна декларација. Во случај на транзитна постапка со повеќе наименувања се печати Список на наименувања за транзит/документ за сигурност кој се употребува заедно

---

електронска обработка на податоци и Процедура за издавање на одобрение за спроведување на формалности во транзитната постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци

[3] Конвенцијата на англиски јазик е објавена на следниот линк
http://ec.europa.eu/taxation_customs/resources/documents/customs/procedural_aspects/transit/common_community/convention_en.pdf
Конвенцијата на македонски јазик е објавена на следниот линк
http://carina.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=387

со ТПД/ДС. Одредбите на ова упатство кои се однесуваат на ТПД соодветно се применуваат и на ТПД/ДС;

- Гарантна царинска испостава е Одделението за наплата на приходи кое е одговорно за примање и прифаќање на гаранциите кои ги дава гарантот за главниот обврзник, како и за внесување во системот за гаранции на нови и измена на постојните гаранции;
- Централна транзитна испостава е Одделението за гранични и транзитни формалности, Служба за испитна постапка и постапка на наплата на царински долг во транзит, која е надлежна за спроведување на испитна постапка за незавршени и неправилно завршени транзитни постапки, поднесување на барање за наплата на царински долг и раздолжување на транзитните постапки врз основа на алтернативни докази;
- Појдовна испостава е царинската испостава каде се прифаќаат декларациите за ставање на стоката во транзитна постапка;
- Транзитна испостава е царинската испостава на влез во земја-членка на КЗТ односно царинската испостава на излез од земја-членка на КЗТ кога стоката ја напушта територијата на таа земја и остварува влез во земја која не е членка на КЗТ;
- Испостава за регистрација на инциденти е царинската испостава надлежна за носење одлука за продолжување на транзитната операција по случени попатни настани, а поврзано со стоката или превозното средство (сообраќајна несреќа, дефект и сл.);
- Одредишна испостава е царинската испостава каде стоката треба да се стави на увид со цел да се заврши транзитната постапка;
- Главен обврзник е носителот на транзитната постапка кој е одговорен за ставање на стоката на увид во непроменета состојба кај одредишната испостава, во пропишаниот рок и со почитување на мерките за обезбедување на нејзината идентичност, определени од страна на појдовната испостава согласно одредбите за транзитната постапка;
- Овластен испраќач е лице кое има одобрение да става стока во транзитна постапка во неговите простории или било кои други определени места, без ставање на стоката на увид на појдовната испостава;
- Овластен примач е лице кое има одобрение да прима стока ставена во транзитна постапка во неговите простории или било кои други определени места, без ставање на стоката на увид на одредишната испостава;
- Одобрена локација е локацијата на која стоката се става на увид при употреба на поедноставена постапка во транзит при поаѓање (овластен испраќач) или при употреба на поедноставена постапка во транзит при

пристигнување (овластен примач), согласно условите утврдени во одобрението издадено од страна на Царинската управа.;

- Прифатена локација е локацијата каде стоката може да се стави на увид на надлежниот цармнски орган при употреба на редовната транзитна постапка при поаѓање или при пристигнување, надвор од работните простории и места на кои вообичаено стоката се става на увид на надлежниот царински орган;
- Локален референтен број е бројот под кој транзитната декларација е поднесена во НКТС од страна на главниот обврзник (во понатамошниот текст: ЛРБ);
- Референтен број на движење е бројот на транзитната декларација доделен од НКТС (во понатамошниот текст: РБД);
- „постапка Т2" значи постапка опфатена со член 2 став (3) точка б) од Конвенцијата и означена на листовите на транзитната декларација со знакот „Т2" или „Т2F";.

## II.2. Статус на стока

### II.2.1. Т1 постапка

7. Во транзитна постапка со шифра Т1 се става:
   - странска стока, која со ставањето во оваа постапка не подлежи на плаќање на увозни и други давачки или на мерки на трговска политика за пуштање во слободен промет или
   - домашна стока која претходно била ставена во извозна постапка.

### II.2.2. Т2 постапка

8. Во транзитна постапка со шифра Т2 се става стока со статус на стока на Унијата која претходно била внесена во Република Северна Македонија со постапка Т2, под услов истата постојано да била под надзор на царинскиот орган за да се обезбеди дека нејзиниот идентитет или состојба не се променети.

9. Постапката Т2 не може да се примени кога стоката со статус на стока на Унијата повторно се испраќа од Република Северна Македонија откако истата била ставена во царинска постапка различна од постапките на транзит или царинско складирање.

   Оваа одредба, меѓутоа, не се применува на стоката што е привремено увезена со цел да биде прикажана на изложба, саем или слично јавно прикажување, и

со која не е постапувано на поинаков начин, освен оној потребен за нејзино сочувување во нејзината првобитна состојба или за поделба на пратките.

10. Кога стоката со статус на стока на Унијата била ставена во постапка на царинско складирање, при повторно испраќање на истата од Република Северна Македонија постапката Т2 може да биде применета само под следниве услови:
- стоката да не била складирана за период подолг од 5 (пет) години. Меѓутоа, кога станува збор за стока која се распоредува во глава 1 до 24 од Номенклатурата за распоредување на стоката во Царинската тарифа (Меѓународна конвенција за Хармонизиран систем на имиња и шифрирани ознаки на стока од 14 јуни 1983 година), овој период се ограничува на 6 (шест) месеци;
- стоката да била складирана во посебни простории и со неа да не е постапувано на поинаков начин, освен оној потребен за нејзино сочувување во првобитна состојба или за поделба на пратките без заменување на амбалажата;
- секое постапување со стоката да било извршено под царински надзор.

11. Секоја прифатена декларација Т2 или секој документ издаден од надлежна царинска испостава со кој се потврдува статусот на стоката како стока на Унијата, треба да содржи повикување на соодветната декларација Т2 или на документот кој го потврдува статусот на стока на Унијата врз основа на кој стоката пристигнала во Република Северна Македонија и треба да ги содржи сите посебни заверки што се појавуваат на нив.

12. Постапката Т2 не може да се примени со употреба на T2L или T2LF документи затоа што истите не се транзитни декларации, туку се документи со кои се докажува царинскиот статус на стоката како стока на Унијата. Разлика помеѓу документот T2LF и T2L е во тоа што T2LF документот се користи при размена која се врши помеѓу делови од царинското подрачје на Унијата кои ги применуваат правилата на Унијата поврзани со данокот на додадена вредност и деловите на тоа подрачје кои не ги применуваат овие правила. Доколу за стоката која што е ставена на увид во појдовната испостава е презентиран TL2 или T2LF документ, појдовната испостава ќе дозволи ставање на стоката во транзитна постапка само доколку се поднесе транзитна декларација за Т1 постапка. Во ваков случај треба да се води сметка одредишната испостава во декларацијата да биде последната царинска испостава во земја на заеднички транзит преку која поминува стоката пред да влезе во царинското подрачје на ЕУ (на пример за стока за која е презентиран T2L или T2LF документ издаден во

Грција, а стоката се упатува во Унгарија, во транзитната декларација за Т1 заедничка транзитна постапка задолжително како одредишна испостава треба да се наведе царинска испостава на излез од Република Србија).

## II.3. Статус на транзитната декларација

13. Во појдовната испостава, транзитната декларација може да има еден од следните статуси:
- Поднесена;
- Евидентирана;
- Прифатена;
- Постапка за контрола;
- Неактивна;
- Барање за пуштање;
- Гаранцијата се регистрира;
- Измени на гаранцијата;
- Регистрирана гаранција;
- Не се пушта транзит;
- Движењето е ослободено;
- Поништена;
- Пристигнато на одредиште;
- Раздолжено движење;
- Движење во разрешување;
- Се препорачува испитна постапка;
- Испитна постапка;
- Се препорачува наплата;
- Во постапка на наплата.

14. Во транзитната испостава, транзитната декларација може да има еден од следните статуси:
- ATR креирано;
- ATR побарано;
- ATR отфрлено;
- Регистрирано известување за минување на границата;
- Движењето е вратено назад;
- Движењето е стопирано;
- Пристигнато;
- Поништена;
- Постапка за наплата;

- Побарана наплата;
- Одбиено барање за наплата;
- Завршена наплата.

15. Во одредишната испостава, транзитната декларација може да има еден од следните статуси:
    - AAR креирано;
    - AAR побарано;
    - Пренапатувањето е одбиено;
    - Пристигнувањето е прифатено;
    - Истовар;
    - Забелешки од истовар;
    - Контрола;
    - Стоката е ослободена;
    - Се очекува надминување на несовпаѓања;
    - Поништена;
    - Пристигнато;
    - Во постапка на наплата;
    - Побарана наплата;
    - Одбиено барање за наплата;
    - Завршена наплата.

## II.3. Транспортни средства и декларации

16. Транзитната декларација опфаќа стока која е натоварена на едно транспортно средство, во контејнер или пакет, од една појдовна испостава до една одредишна испостава. Сепак, една транзитна декларација може да опфаќа стока која се превезува или ќе се превезува од една појдовна испостава до една одредишна испостава во повеќе контејнери или во повеќе пакувања, доколку контејнерите или пакувањата се натоварени на едно превозно средство.

17. Едно транспортно средство може да се употреби за утовар на стока кај повеќе појдовни испостави и за истовар кај повеќе одредишни испостави. Ако стоката е натоварена на едно транспортно средство кај повеќе појдовни испостави, транзитна декларација се поднесува кај секоја појдовна испостава за стока утоварена во таа испостава.

18. Ако пратката е поделена во повеќе транспортни средства, се поднесува посебна декларација за секое од тие транспортни средства, иако целата стока се превезува помеѓу иста појдовна и одредишна испостава.

## III. Постапка кај појдовната испостава

### III.1. Поднесување и прием на транзитна декларација

19. Главниот обврзник ја поднесува транзитната декларација со електронска порака (IE015). Тој е одговорен за точноста на податоците, веродостојноста на приложените документи и почитувањето на прописите кои се однесуваат за ставање на стоката во транзитна постапка.

20. НКТС автоматски ја проверува поднесената царинска декларација дали е во во согласност со дефинираните правила и услови. Доколку декларацијата е неисправна или непотполна, НКТС автоматски ја одбиваи главниот обврзник се известува за причината за одбивање на истата.

21. Доколку декларацијата е во согласност со дефинираните правила и услови истата во НКТС го добива статусот „Поднесена". Транзитната декларација со статус „Поднесена" може да остане најмногу 7 (седум) календарски дена. По истекот на овој рок, НКТС автоматски ја брише оваа декларација.

22. Декларација може да се поднесе 30 дена пред да се стави стоката на увид. Статусот на декларацијата ќе биде „Евидентирана". Главниот обврзник има обврска да ја стави стоката на увид во рок од 30 дена и за тоа да ја извести појдовната испостава со пораката „Известување за ставање на стока на увид за однапред поднесена декларација" (IE170). Во случаи кога во рок од 30 дена нема да биде поднесено известување за ставање на стоката на увид, ќе се смета дека декларацијата не е ниту поднесена. Во случаи кога после извозна постапка се спроведува транзитна постапка, не може однапред да се поднесе транзитна декларација.

### III.2. Контрола на декларираната стока и документацијата

23. Врз основа на резултатите од извршената анализа на ризик, како и од специфичноста на случајот и одредени сознанија, или по претходно дадени насоки од надлежниот царински службеник, царинскиот службеник кој ја обработува декларацијата (во понатамошниот текст: царински службеник), може да донесе одлука за контрола на стоката и/или документите. Оваа одлука

се евидентира во системот, за што се известува главниот обврзник со пораката „Известување за одлука за контрола“ (IE060). По донесување на одлука за контрола, декларацијата во НКТС автоматски преминува во статус „Постапка за контрола“.

24. Степенот и препораките за контрола добиени од модулот за анализа на ризик, задолжително се спроведуваат од страна на царинскиот службеник, освен во случаи кога врз основа на одредени сознанија, степенот на контрола треба да се зголеми.

25. Царинскиот службеник, заради спроведување на контролата, од НКТС печати примерок од ТПД означен како КОНТРОЛЕН ПРИМЕРОК (Office copy) и 01.30.31.УП.010.09-ОБ.01.09 - Транзитен контролен протокол на поаѓање (IE119).

26. По завршувањето на контролата на стоката и/или документите, царинскиот службеник, без одлагање, резултатите од извршената контрола ги евидентира во НКТС.

    Доколку при контролата, се откриени помали неправилности (оние кои не доведуваат до покренување на прекршочна постапка или постапка за наплата на долг), царинскиот службеник ги евидентира наодите во Контролниот протокол од точка 23 на ова упатство, во присуство на главниот обврзник.

    Доколку главниот обврзник се согласува со наодите, истиот го потпишува Контролниот протокол, по што царинскиот службеник ги врши потребните измени во декларацијата, со напомена дека главниот обврзник се согласува со наодите.

    Доколку главниот обврзник не се согласува со наодите, истото се наведува во Контролниот протокол. Резултатите од контролата се евидентираат и во НКТС со извршување на потребните измени во царинската декларација и со ставање на напомена дека главниот обврзник не се согласува со наодите.

    Главниот обврзник може да побара во врска со наодите да се изјасни подоцна, при што истото се евидентира во Контролниот протокол.

27. Ако со контрола се утврдат поголеми неправилности, царинскиот службеник ги евидентира резултатите од контролата и го известува главниот обврзник дека стоката не е пуштена со пораката „Без пуштање во транзит" (IE051).

28. По извршената физичка контрола, ако стоката се пушта во транзитна постапка, резултатите од контрола се внесуваат во НКТС од страна на царинскиот службеник со внесување на шифрата А1 – Задоволително. Доколку стоката се пушта во транзитна постапка без контрола или само по извршена контрола на документите, при која контрола не се утврдени неправилности, се внесува шифрата А2 – Се смета за задоволително. Во случај кога стоката се пушта во транзитна постапка од страна на овластен испраќач, истиот ја внесува шифрата А3 – Поедноставена постапка. Резултатите од контролата внесени од страна на царинскиот службеник со пораката „Запис за очекувано пристигнување" (IE001) се достапни и на одредишната испостава.

29. Доколку врз основа на резултатите од извршената анализа на ризик системот не препорачува контрола и доколку надлежниот царински службеник не даде насока за контрола на документите и/или стоката, царинскиот службеник кој ја обработува декларацијата донесува одлука да не се врши контрола, при што декларацијата во НКТС автоматски преминува во статус „Гаранцијата се регистрира".

### III.3. Проверка и прифаќање на поднесената гаранција

30. Царинскиот службеник ја пушта стоката во транзитна постапка единствено доколку висината на задолжениот износ на гаранција која е наведена во декларацијата, е доволна да го обезбеди целокупниот износ на долгот кој би можел да настане.

31. Проверката на веродостојноста и важноста на електронските гаранции кои се во надлежност на гарантната испостава (општа гаранција, изземање од поднесување на гаранција, поединечна гаранција од гарантот и поединечна гаранција во облик на ваучери) автоматски ја врши модулот за гаранции при приемот на декларацијата (IE015). Проверка на веродостојноста и важноста на останатите видови гаранции (на пример гаранции обезбедени во форма на ТИР карнет) ја врши царинскиот службеник од појдовната испостава.

32. Пред пуштање на стоката во транзитна постапка, царинскиот службеник преку НКТС треба да ја регистрира употребата на гаранцијата со пораката „Употреба

на гаранција" (IE203). Гарантната испостава ја евидентира употребата на електронските видови на гаранции и автоматски преку НКТС го информира царинскиот службеник за резултатот со пораката „Резултат од употреба на гаранција" (IE205).

33. Во случај од Системот за управување со гаранција да се добие негативен одговор на барањето за регистрирање на употребата на гаранција (негативна IE205), НКТС автоматски го известува за тоа главниот обврзник со пораката „Неважечка гаранција" (IE055) и му дава рок[4] за доставување на нова гаранција. По испраќањето на оваа порака статусот на декларацијата во појдовната испостава е „Измени на гаранција".

34. Стоката нема да биде пуштена во транзитна постапка од страна на царинскиот службеник, доколку главниот обврзник во дадениот рок не достави податок за нова валидна гаранција, за што НКТС автоматски го известува главниот обврзник дека стоката не се пушта во транзитна постапка (IE051).

35. Доколку главниот обврзник ја изменил транзитната декларација со доставување на податоци за валидна гаранција во предвидениот рок и доколку новата гаранција е прифатена од страна на гарантната испостава, тогаш царинскиот службеник надлежен за контрола може да продолжи со следните активности опишани во ова упатство.

### III.4. Средства за идентификација

36. Царинскиот службеник не ја пушта стоката во транзитна постапка доколку не е обезбедена нејзината истоветност. Истоветноста, односно идентификацијата на стоката во транзитната постапка се обезбедува со ставање на царинска пломба.

37. Царинскиот службеник ги презема оние мерки за обезбедување кои ги смета за неопходни. Доколку транспортното средство е погодно за пломбирање, пломбата се става на просторот во кој се наоѓа стоката. Во спротивно, се пломбира секој поединечен колет, при што во НКТС го внесува бројот на ставени царински пломби и нивниот идентитет.

[4] Рокот е дефиниран во апликацијата и се следи преку тајмер.

Царинскиот службеник може да се откаже од пломбирање доколку описот на стоката во декларацијата е доволно прецизен и обезбедува нејзина лесна идентификација (на пример, со наведување на број на мотор и број на шасија на патнички автомобил во транзитна постапка).

38. Доколку идентитетот на стоката не може да се обезбеди со пломбирање или со други средства за идентификација (опис), царинскиот службеник нема да дозволи стоката да се пушти во транзитна постапка. На главниот обврзник му се одобрува промена на транспортното средство под надзор на појдовната испостава. Информациите за новото транспортно средство треба да бидат евидентирани во НКТС од страна на царинскиот службеник, пред да се пушти стоката во транзитна постапка. Во случај стоката да не може да се пушти во транзитна постапка, одлуката се евидентира во НКТС со соодветно образложение за тоа дека идентитетот на стоката не може да се обезбеди со пломбирање или со други средства на идентификација (опис).

39. Доколку возилото во кое треба да се натовари стоката која што се става во транзитна постапка претходно било пломбирано во друга појдовна испостава, за што е издаден ТПД, во актуелната појдовна испостава дотоварот се одобрува по извршена проверка и отстранување на претходно ставените пломби. Царинскиот службеник кој вршел контрола мора да стави нови пломби и истите да ги евидентираат како во НКТС, така и во рубриката Ѓ од ТПД издаден од претходната појдовна испостава.

### III.5. Пропишан правец на движење и одредување временски рок

40. Царинскиот службеник, имајќи ги предвид сите релевантни податоци доставени од главниот обврзник, може да го пропише правецот на движење за стоката. Овие податоци се евидентираат во НКТС во групата на податоци „Приложени документи".

41. Царинскиот службеник од појдовната испостава го определува рокот во кој стоката треба да се стави на увид кај одредишната испостава. Рокот за ставање на увид кај одредишната испостава е автоматски дефиниран во НКТС на 7 (седум) календарски дена. Земајќи ги предвид правецот на движење, сите важечки транспортни или други законски прописи, и кога тоа е потребно, податоците доставени од главниот обврзник, царинскиот службеник може да определи пократок или подолг рок, но не подолг од 20 (дваесет) календарски дена.

Царинскиот службеник го внесува во НКТС, временскиот рок во следниов формат: ГГГГ-ММ-ДД.

### III.6. Пуштање на стока во транзитна постапка

42. По завршување на сите формалности во појдовната испостава, царинскиот службеник ја пушта стоката во транзитна постапка, а во НКТС автоматски и се доделува статус „Ослободена".

43. НКТС автоматски на главниот обврзник му испраќа порака „Пуштање во транзит" (IE029) и истовремено испраќа порака „Запис за очекувано пристигнување" (IE001) на декларираната одредишна испостава и порака „Запис за очекуван транзит" (IE050) на сите декларирани транзитни испостави доколку стоката се пушта во заедничка транзитна постапка.

44. Царинскиот службеник го печати ТПД и му го предава на главниот обврзник или на лице кое тој го овластил, заедно со документите кои ја придружуваат декларација наведени во рубрика 44, со што стоката се пушта во транзитна постапка. Царинскиот службеник на појдовната испостава не го потпишува и не го оверува ТПД, кој ја прати стоката од појдовната до одредишната испостава. Главниот обврзник има обврска да ги чува овие документи и да ги стави на увид на барање на надлежниот царински орган.

### III.7. Пуштање на стока од страна на овластен испраќач

45. Овластениот испраќач ја поднесува електронската декларација (IE015) до надлежната појдовна испостава пред пуштање на стоката, како што е објаснето во делот III.1.

46. Царинскиот службеник ја евидентира во НКТС одлуката за контрола донесена на основа на анализа на ризик, пред истек на рокот пропишан во одобрението и евидентиран во НКТС. Со евидентирање на одлуката за контрола, царинскиот службеник го запира течењето на рокот за автоматско пуштање на стоката во транзитна постапка и постапува како што е објаснето во делот III.2.

47. Доколку Системот за анализа на ризик не определи контрола, ниту царинскиот службеник не донесе одлука да се врши контрола на стоката и документите, НКТС по истек на рокот и по извршената проверка и евидентирање на употребата на општата гаранција, автоматски на овластениот испраќач му ја

испраќа пораката „Пуштање во транзит" (IE029) со која стоката се пушта во транзитна постапка. Овластениот испраќач го печати ТПД, го дава на превозникот и ја пушта стоката во транзитна постапка.

### III.8. Измена на транзитната декларација

48. По прифаќање на декларацијата, главниот обврзник може да бара измена на податоци во транзитната декларација преку НКТС со пораката „Измена на декларација" (IE013), која системот автоматски ја прифаќа со пораката „Прифаќање на измена" (IE004) или ја одбива со пораката „Неприфаќање на измена" (IE005).

49. НКТС автоматски го одбива барањето за измена на податоци во декларацијата, доколку царинскиот службеник донел одлука за преглед на стока или пак, стоката веќе е пуштена во транзитна постапка.

### III.9. Поништување на транзитната декларација

50. Царинскиот службеник може да ја поништи транзитната декларација на барање на главниот обврзник преку пораката „Барање за поништување на декларација" (IE014) под услов стоката да не е пуштена во транзитна постапка, за што преку НКТС го известува главниот обврзник со позитивна или негативна порака „Одлука за поништување" (IE009). Истовремено, главниот обврзник е должен да поднесе барање за поништување на транзитна декларација во писмена форма, за кое царинскиот службеник носи одлука и ја евидентира во ЕДМС.

51. Царинскиот службеник не одобрува поништување на транзитната декларација после пуштањето на стоката, освен во исклучителни случаи на пример, доколку транзитната декларација е поврзана со декларација за извоз која е поништена поради утврдени неправилности или стоката која е пуштена во транзитна постапка сѐ уште не ја напуштила појдовната испостава. Во овој случај, царинскиот службеник преку НКТС, покрај известувањето до главниот обврзник „Одлука за поништување" (IE009), автоматски испраќа известување и до декларираната одредишна испостава и до сите декларирани транзитни испостави „Известување за поништување" (IE010).

52. Поништувањето не се одобрува доколку стоката ја напуштила појдовната испостава и е упатена кон одредишната испостава.

## IV. Постапка во случај на настани во текот на превозот

53. Доколку во текот на превозот на стоката се случи било каков настан (незгода, дефект, промена на возило, претовар и сл.), превозникот ја известува најблиската испостава до местото каде се случил настанот. Оваа испостава ја има улогата на испостава за регистрација на инциденти. Ако настанот се случи надвор од работното време на испоставата, тогаш се известува Одделението дежурен царински центар.

54. Царинскиот службеник во координација со шефот/контролорот/водичот од испоставата за регистрација на инциденти одлучува дали предметното транзитно движење може да продолжи или не. Доколку се дозволи продолжување на транзитното движење, испоставата го заверува ТПД во рубриката 56 и рубриката Е, со евидентирање на преземените дејства.

55. Во случај на оштетени пломби, царинскиот службеник од испоставата за регистрација на инциденти врши преглед на стоката и на возилото. Доколку се одобри продолжување на транзитното движење, царинскиот службеник става нови пломби и соодветно ги евидентира и оверува во ТПД.

56. Царинскиот службеник од испоставата за регистрација на инциденти може да одобри претовар на стока на друго транспортно средство. Во ваков случај, превозникот треба да ја пополни рубриката 55 „Претовар" од ТПД. Оваа рубрика се пополнува со читлив ракопис, со употреба на печатни букви и мастило. Царинскиот службеник ја заверува рубриката Ѓ од ТПД. Во случај на повеќе од два претовара и кога рубриката Ѓ е веќе пополнета, превозникот ги внесува потребните информации во рубрика 56 од ТПД.

57. Доколку царинскиот службеник од испоставата за регистрација на инциденти е информиран од превозникот дека е извршен итен делумен или целосен истовар на транспортното средство како последица на очекувана опасност, царинскиот службеник ја утврдува веродостојноста на овие факти и ја оверува рубриката Е од ТПД.

    Доколку стоката се претовара од транспортно средство кое не е пломбирано, превозникот ги внесува податоците за новото транспортно средство во ТПД. Во ваков случај стоката не мора да се стави на увид кај испоставата за регистрација на инциденти и не е потребно заверување на ТПД од страна на царинската испостава.

58. Доколку во текот на превозот се менува само влекачот (без манипулирање или претовар на стоката), во рубриката 56 од ТПД се внесува регистарскиот број и државата на која припаѓа новиот влекач.

59. Пропишаниот правец на движење може да се промени во текот на транзитното движење. Доколку се менува правецот на движење, превозникот ги внесува податоците во рубриката 56 од ТПД и заедно со стоката ги става на увид на испоставата за регистрација на инциденти на чие подрачје се наоѓа превозното средство. Шефот на испоставата или од него овластено лице одлучува дали транзитната постапка може да продолжи и ги презема сите неопходни мерки и ја заверува рубрика Е од ТПД.

60. Во сите случаи опишани погоре, информациите за настаните, вклучително со информациите за новите пломби, се евидентираат во НКТС во испоставата за регистрација на инциденти. Податоците за декларацијата се добиваат од појдовната испостава со размена на пораки „Ургенција за движење" (IE027) и „Одговор на ургенција за движење" (IE038).

61. Надлежниот царински службеник од испоставата за регистрација на инциденти одлучува дали транзитната операција може да продолжи. Доколку транзитната операција не може да продолжи Испоставата за регистрација на инциденти ја презема улогата на Одредишна испостава и ја завршува транзитната постапка.

62. Испоставата за регистрација на инциденти доставува податок за попатниот настан до појдовната испостава со пораката „Известување за инцидент" (IE180), а појдовната испостава ги информира декларираните царински испостави со електронска порака (IE181) и главниот обрзник со електронска порака (IE182).

## V. Постапка кај транзитната испостава

### V.1. Ставање на стока на увид кај декларираната транзитна испостава

63. Кога движењето минува преку транзитна испостава, стоката заедно со ТПД и, кога е потребно, Списокот на наименувања или било кој друг документ кој ја придружува стоката, мора да се стават на увид на надлежниот царински службеник од транзитната испостава. Доколку пораката „Запис за очекуван транзит" (IE050) веќе е на располагање во НКТС на транзитната испостава, царинскиот службеник ќе ја пронајде транзитната декларација во НКТС со внесување на нејзиниот РБД.

64. Царинскиот службеник може да изврши физички преглед на стоката врз основа на извршена анализа на ризик во транзитната испостава, бидејќи НКТС не врши системска анализа на ризик на добиениот „Запис за очекуван транзит" (IE050). Резултатите од контролата рачно се внесуваат во ТПД. Царинскиот службеник ги наведува новите пломби во ТПД и задолжително става датум, потпис и печат. Податоците за новите пломби се внесуваат и во НКТС.

Доколку транзитната царинска испостава при контролата утврди мали неправилности во транзитната декларација (на пр. погрешен податок за идентитет на транспортното средство) истите се евидентираат во ТПД со цел да биде запознаена одредишната испостава, а транзитната постапка не се прекинува.

65. Царинскиот службеник може:
- да дозволи минување на движењето;
- да не дозволи минување на движењето и да го врати или
- да го стопира движењето.

66. Доколку царинскиот службеник одлучи да дозволи минување на движењето го надгледува минувањето на границата и до појдовната испостава испраќа „Известување за минување на граница" (IE118). Во случај на било каков настан или инцидент во текот на превозот, царинскиот службеник е должен во пораката да ги внесе и податоците од рубриките 55 и 56 од ТПД.

67. Веднаш по завршување на сите формалности за минување на граница во случаите кога се работи за тутун и тутунски производи, царинскиот службеник во делот „Акциза во транзитна исп." задолжително го евидентира секој тутунски производ одделно и за тоа се добива посебен акцизен број.

68. Доколку стоката која е ставена на увид во транзитната испостава подлежи на извозни ограничувања за кои во ТПД е внесена една од следниве напомени:
а) за заедничка транзитна постапка започната во земја на ЕФТА:
- DG0 за извоз од земја на заеднички транзит врз кој се применува ограничување;
- DG1 за извоз од земја на заеднички транзит врз која се применуваат давачки;
б) за заедничка транзитна постапка започната во земја на ЕУ:
- DG0 за извоз од Унијата врз кој се применува ограничување;
- DG1 за извоз од Унијата врз кој се применуваат давачки;

царинскиот службеник треба да провери дали стоката навистина се транспортира до земјата на намена декларирана во транзитната декларација.

Доколку постои сомнеж дека пратката не ги исполнува барањата за ограничување, надлежниот царински работник нема да дозволи движењето да продолжи додека не се добие одобрение од појдовната испостава. Комуникацијата помеѓу транзитната испостава и одредишната испостава се врши преку Дежурниот царински центар, затоа што ваквата комуникација не може да се изврши преку НКТС.

69. Доколку царинскиот службеник одлучи на движењето да не му дозволи минување, во НКТС ги наведува причините за тоа. Една од можните причини за враќање на движењето е непочитување на предвидениот задолжителен правец на движење. Декларацијата добива статус „Движењето е вратено назад".

70. Доколку царинскиот службеник дефинитивно го стопира движењето, тогаш треба да се смета како да е пристигнато на одредиште и транзитната испостава презема активности како вистинска одредишна испостава.

Во тој случај, царинскиот службеник од одредишната испостава до појдовната испостава испраќа порака „Барање на запис за очекувано пристигнување" (IE002). Појдовната испостава како одговор ја испраќа пораката „Одговор за очекувано пристигнување" (IE003). Во случај на позитивен одговор, појдовната испостава во пораката ги вклучува и податоците од пораката „Запис за очекувано пристигнување" (IE001). Веднаш по приемот на оваа порака, новата одредишна испостава преку НКТС автоматски и доставува на појдовната испостава порака „Известување за пристигнување" (IE006). По приемот на оваа порака, појдовната испостава автоматски ја известува декларираната одредишна испостава и сите декларирани транзитни испостави дека транзитната постапка е завршена во друга одредишна испостава, со испраќање на пораката „Препратено известување за пристигнување" (IE024).

Во случај на негативен одговор, појдовната испостава во вид на шифра наведува една од следните можни причини за одбивањето: 1 – движењето е пристигнато во одредиштето; 2 – поништено; 3 – непознат РБД; 4 – други причини.

### V.2. Постапка во транзитната испостава во случај на технички проблеми

71. Доколку поради технички причини царинскиот службеник во транзитната испостава не е во можност да ја евидентира пратката која се движи во редовна заедничка транзитна постапка која започнала во НКТС (пораката „Запис за очекуван транзит" (IE050) не е примена во системот, нема одговор од појдовната испостава на „Барање за запис за очекуван транзит" (IE114) или нема можност да се евидентира во системот „Известување за минување на граница" (IE118)), транзитната испостава е должна да го употреби образецот ТЦ10 – Известување за транзит (Прилог Б9 од Додаток III кон КЗТ).

72. Образецот ТЦ10 може да се користи само доколку транзитната испостава е декларирана во ТПД како транзитна испостава и доколку не постои сомнеж во веродостојноста на податоците во ТПД. Веродостојноста на податоците во ТПД се докажува на еден од следниве начини:

- Со увид во Централните сервиси/Системот за управување со податоци (CS/MIS2) на Европска комисија Генерален директорат за оданочување и царинска унија (DG TAXUD) може да се констатира дека пораката „Запис за очекуван транзит" (IE050) постои но поради технички причини не е примена во нашиот систем. Проверката во CS/MIS2 на барање на транзитната испостава ја врши Дежурниот Царински Центар или самата транзитна испостава доколку и е обезбеден пристап до овој систем;
- Заверување на ТПД од страна на странската гранична испостава преку која транзитното движење поминало пред стоката да биде ставена на увид во транзитната испостава (на пример за стока ставена на увид во ЦИ Богородица заверен ТПД од грчката гранична испостава Евзони);
- Информација од Одделение дежурен царински центар врз основа на побарана и добиена информција од Националниот Хелп-деск на земјата на појдовната испостава.

73. Проверката на ТПД вклучува и проверка на податоците за гаранција наведени во рубрика 52 во ТПД со цел да се провери дали постои ограничување на важоста на гаранцијата во Република Северна Македонија.

74. Царинскиот службеник во транзитната испостава го пополнува образецот ТЦ10 во три примероци од кои еден се дава на превозникот, вториот се доставува до Службата за испитна постапка и постапка на наплата на царински долг во транзит при Одделението за гранични и транзитни формалности заради доставување до појдовната царинска испостава, а третиот примерок се задржува и архивира во транзитната испостава. Сите примероци се

потпишуваат и заверуваат со печат на транзитната испостава, а примерокот за транзитната испостава и со факсимил на царинскиот службеник.

75. Образецот ТЦ10 се евидентира во Контролник ( кој е посебен и може да се води во хартиена или електронска форма) за издадени обрасци ТЦ10 кој се води во транзитната испостава. Во контролникот се евидентираат следниве податоци: реден број, датум, регистарски број на превозносто средство, тип и број на транзитна декларација и референтен број на појдовната царинска испостава. На образецот ТЦ10 покрај другите податоци задолжително се запишува редниот број под кој образецот е евидентиран во контролникот и датумот на евидентирањето.

76. Служба за испитна постапка и постапка на наплата на царински долг во транзит при Одделението за гранични и транзитни формалности ги евидентира добиените обрасци ТЦ10 и следи дали стоката е ставена на увид во одредишна испостава во Република Северна Македонија (врз основа на увидот на податоците во НКТС) или го напуштила царинското подрачје на Република Северна Македонија (врз основа на увидот на податоците во CS/MIS2).

## V.3. Промена на транзитната испостава

77. Во случај кога стоката стигнала во испостава која не е декларирана транзитна испостава, истата нема примено „Запис за очекуван транзит" (IE050) и надлежниот царински службеник од оваа (вистинска транзитна) испостава не може да го пронајде РБД во НКТС.

Во тој случај, надлежниот царински службеник до појдовната испостава испраќа „Барање за запис за очекуван транзит" (IE114) и чека одговор од појдовната испостава. Декларацијата добива статус „ATR побарано".

Појдовната испостава како одговор ја испраќа пораката „Одговор за запис за очекуван транзит" (IE115). Во случај на позитивен одговор, појдовната испостава во одговорот ги вклучува и податоците од пораката „Запис за очекуван транзит" (IE050).

Во случај на негативен одговор, појдовната испостава во вид на шифра наведува една од следните можни причини за одбивањето: 1 – движењето е пристигнато во одредиштето; 2 – движењето е влезено, но не е излезено од

земјата; 3 – движењето е излезено од земјата; 4 – други причини; 5 – непознат РБД; 6 – поништено и 7 – неприменливо (НКТС ТИР, Андора, Сан Марино).

Во случај кога стоката не е ставена на увид во декларираната транзитна испостава, по нејзиното пристигнување во одредишната испостава, одредишната испостава испраќа „Известување за пристигнување" (IE006) до појдовната испостава. По приемот на оваа порака, појдовната испостава испраќа „Препратено известување за пристигнување" (IE024) до декларираната транзитна испостава со која се потврдува дека стоката била ставена на увид во одредишната испостава. Статусот на декларацијата во транзитната испостава автоматски се менува од „ATR креирано" во „Пристигнато".

## VI. Постапка кај одредишната испостава

78. Транзитната постапка се смета за завршена и обврските на главниот обврзник и превозникот исполнети, со ставање на стоката на увид во непроменета состојба, ТПД и придружната документација кај одредишната испостава во пропишаниот рок.

79. Царинскиот службеник надлежен за обработка на декларацијата во одредишната испостава каде е примена пораката „Запис за очекувано пристигнување" (IE001) преку НКТС, ги има на увид сите податоци за стоката од транзитната операција и има можност уште пред пристигнувањето на пратката да одлучи кои мерки да бидат преземени, дали воопшто е неопходно да се врши контрола и доколку е неопходно, презема подготвителни мерки.

### VI.1. Ставање на стока на увид кај декларираната одредишна испостава

80. Рокот определен од страна на појдовната испостава е задолжителен и тој не може да биде менуван од страна на царинскиот службеник од одредишната испостава. Во случај на пречекорување на рокот за ставање на стоката на увид во одредишната испостава, царинскиот службеник ги цени причините и во зависност од тоа може да биде прифатено пречекорувањето на рокот.

81. Царинскиот службеник од одредишната испостава на кого му е предаден ТПД го внесува РБД и НКТС автоматски ја прикажува соодветната порака (IE001) во која се содржани податоците за транзитното движење. По внесување на

податоците за лицето кое ја става стоката на увид и ја превзема одговорноста за стоката по завршување на транзитната постапка, НКТС ја испраќа пораката „Известување за пристигнување" (IE006) до појдовната испостава. Податоците за лицето кое ја става стоката на увид се внесуваат веднаш по ставањето на стоката на увид во одредишната испостава.

82. Доколку по пристигнување на стоката во одредишната испостава НКТС не е достапен, царинскиот службеник ја завршува постапката на основа на податоците од ТПД и информациите за тоа ги внесува во НКТС кога истиот ќе биде достапен, согласно Упатството за резервна постапка во НКТС.

83. Во случај на техничка неможност за евидентирање на завршување на постапката во НКТС, царинскиот службеник во одредишната испостава ги внесува резултатите од контрола во рубриката 3 од ТПД, истите ги заверува со печат, датум, потпис и факсимил и ги доставува до Службата за испитна постапка и постапка на наплата на царински долг во транзит при Одделението за гранични и транзитни формалности заради достава до појдовната испостава.

## VI.2. Контрола на стоката ставена на увид кај одредишната испостава

84. Заради раздолжување на транзитната постапка, царинскиот службеник е должен покрај пораката „Известување за пристигнување" (IE006), до појдовната испостава да достави и известување за „Резултати од контрола на одредиште" (IE018) истиот ден, а најдоцна во рок од 3 (три) дена по ставањето на стоката на увид.

Кога се применува поедноставената постапка овластен примач, одредишната испостава е должна да ја испрати пораката „Резултати од контрола на одредиште" (IE018) на појдовната испостава најдоцна 6-от (шестиот) ден по денот на испораката на стоката.

Известувањето треба да ги содржи податоците од контрола на стоката, како и сите податоци за настани кои се внесени во ТПД во текот на транспортот на стоката од појдовната испостава до одредишната испостава.

85. Доколку царинскиот службеник донесе одлука да не врши контрола на стоката или изврши контрола само на документите при која контрола не се утврдени неправилности, се внесува шифрата „А2 – Се смета за задоволително" во НКТС

и пораката „Резултати од контрола на одредиште" (IE018) се испраќа веднаш на појдовната испостава. Проверката на состојбата на пломбите, во случај кога не се врши физичка контрола на стоката исто така се евидентира со шифрата А2, под услов пломбите да не се оштетени. Шифрата А2 се користи и во случај кога стоката е примена од страна на овластен примач и одредишната испостава одлучила да не се врши контрола на стоката и/или документите, а во пораката „Забелешки од истовар" (IE044) не се евидентирани неправилности.

86. На основа на анализа на ризик, како и од специфичноста на случајот и одредени сознанија, царинскиот службеник носи одлука за контрола на стоката и/или документите. Одлуката за вршење контрола се евидентира во НКТС и се печати 01.30.31.УП.010.09-ОБ.02.09 - Транзитен контролен протокол на одредиште (IE120).

87. Ако одлучи да врши контрола, царинскиот службеник ја проверува истоветноста на пломбите и стоката. Доколку не се утврдат неправилности, царинскиот службеник ја внесува шифрата „А1 - Задоволително" и НКТС до појдовната испостава ја испраќа пораката „Резултати од контрола на одредиште" (IE018).

88. При контрола, царинскиот службеник може да утврди неправилности кои можат да бидат поврзани за пломбите или за стоката. Царинскиот службеник е должен да провери дали пломбите се оштетени. Ако притоа утврди оштетување на пломбите, должен е тој податок заедно со наодите од извршена контрола да ги внесе во пораката „Резултати од контрола на одредиште" (IE018). Царинскиот службеник може да утврди и разлика помеѓу податоците за стоката од пораката „Запис за очекувано пристигнување" (IE001) во НКТС и стоката која е ставена на увид кај одредишната испостава. Во случај на утврдени неправилности, во зависност од случајот, во системот се внесува шифрата А5 (Несовпаѓања) или шифрата Б1 (Незадоволително). Одредишната испостава во пораката „Резултати од контрола на одредиште" (IE018) треба да достави детален опис на неправилностите.

89. Шифрата „А5 - Несовпаѓања се користи во следниве случаи:
   а) кога се откриени помали неправилности, но истите не предизвикуваат настанување на царински долг . На пример:
      - отстранети, искинати или оштетени пломби;
      - непочитување на рокот за завршување на постапката;

- погрешни податоци за идентитет и национална припадност на превозното средство;
- непочитување на обврската за внесување на податоци во транзитниот придружен документ во случај на попатни настани или инциденти во текот на движењето и
- разлики во тежина на стоката кои не се резултат на неовластено постапување со стоката (на пример мали разлики во тежината кои се резултат на заокружување на тежината или разлики кои се резултат на технички грешки).

б) Кога се откриени помали неправилности различни од неправилностите опишани во подточката а) за кои согласно прописите се наплаќаат парични казни.

в) во случај на вишок на стока (од ист или од различен вид), како недекларирана стока. Кога стоката која е декларирана со транзитна декларација е ставена на увид во одредишната испостава, фактот дека е утврден вишок на стока не ја спречува појдовната испостава да ја раздолжи транзитната постапка.

90. Доколку се откријат поголеми неправилности во одредишната испостава поради кои транзитната постапка не може да биде раздолжена, царинскиот службеник во системот ја внесува шифрата „Б1 - Незадоволително". Шифрата Б1 се користи во случај на целосен или делумен кусок на стока или ставање на увид во одредишната испостава на стока која значително се разликува од описот на стоката во транзитната декларација. НКТС ја испраќа пораката „Разлики" (IE019) до носителот на транзитната постапка со која го известува за констатираните неправилности.

91. Кога царинскиот службеник констатирал кусок на стока, но не е во можност да утврди како дошло до кусок, со внесување на шифрата „Б1 – Незадоволително" бара неправилностите да ги реши појдовната царинска испостава. Можни се следните случаи:

- појдовната царинска испостава да ги реши неправилностите. Во овој случај НКТС испраќа порака „Известување за решени неправилности" (IE049) до одредишната царинска испостава со што се завршува транзитната постапка;
- појдовната царинска испостава да не ги реши неправилностите, односно да констатира дека настанал царински долг. Во овој случај појдовната царинска испостава започнува постапка на наплата.
- доколку неправилностите не се решат во рок од 13 дена од денот на добивање на пораката за констатирани неправилности, појдовната царинска испостава

ја известува одредишната царинска испостава и продолжува со решавање на неправилностите и носи конечна одлука.

92. Кога царинскиот службеник евидентирал резултати од контрола со шифрата „Б1 - Незадоволително" и неправилностите се од таков тип да може да се дозволи определување на друг вид на царински дозволено постапување или употреба на стоката, со самото внесување на шифрата „Б1 - Незадоволително" НКТС автоматски ја пушта стоката за што економскиот оператор во одредиштето се известува со пораката „Известување за пуштање на стока" (IE025).

93. Во случаи кога со една транзитна декларација се опфатени стоки за повеќе примачи и кога со контролата на стоките е констатирана неправилност кај една стока, истата се задржува се додека не се разрешат неправилностите. Останатата стока за која не се констатирани неправилности се ослободува за следна дозволена царинска постапка.

## VI.3. Издавање потврда ТЦ 11 и алтернативен доказ од страна на одредишната испостава

94. На барање на лицето кое го поднело ТПД и ја ставило стоката на увид на одредишната испостава, царинскиот службеник е должен да ја завери Потврдата за прием – ТЦ 11. Оваа потврда не може да се употребува како алтернативен доказ за завршување на постапката.

95. Главниот обврзник може да побара царинскиот службеник од одредишната испостава да му обезбеди алтернативен доказ за тоа дека транзитната постапка била правилно завршена. За добивање на заверен алтернативен доказ, главниот обврзник на царинскиот службеник му предава примерок од ТПД кој може да биде фотокопија и да биде означен со зборот „копија".

96. Доколку не се утврдени никакви неправилности, царинскиот службеник го заверува ТПД со ставање на: забелешка „Алтернативен доказ – 99202", датум, печат на одредишната испостава, факсимил и потпис на царинскиот службеник.

## VI.4. Промена на одредишната испостава

97. Транзитната постапка може да заврши во друга одредишна испостава. Бидејќи новата одредишна испостава нема примено „Запис за очекувано пристигнување" (IE001), царинскиот службеник од новата одредишна испостава, врз основа на поднесениот ТПД и РБД бара од појдовната испостава, доставување на податоци со испраќање на пораката „Барање за запис за очекувано пристигнување" (IE002).

98. Појдовната испостава преку НКТС автоматски испраќа порака „Одговор за очекувано пристигнување" (IE003). Доколку со оваа порака се одобрува промена на одредишната испостава истата во себе ги содржи и сите податоци од пораката „Запис за очекувано пристигнување" (IE001). Веднаш по приемот на оваа порака, новата одредишна испостава преку НКТС автоматски и доставува на појдовната испостава порака „Известување за пристигнување" (IE006). По приемот на оваа порака, појдовната испостава автоматски ја известува декларираната одредишна испостава дека транзитната постапка е завршена во друга одредишна испостава, со испраќање на пораката „Препратено известување за пристигнување" (IE024).

99. Кога согласно податоците во појдовната испостава движењето веќе е пристигнато во декларираната или друга одредишна испостава, не е пронајден РБД за кој е побарано пренапатување или истиот веќе е поништен или поради други причини не може да се прифати промена на одредишната испостава, новата одредишна испостава преку НКТС автоматски е известена со „Одговор за очекувано пристигнување" (IE003), со укажување на причината за одбивањето.

100. Царинскиот службеник од новата одредишна испостава го проверува рокот за завршување на транзитната постапка, состојбата на пломбите и одлучува за степенот на контрола, ги внесува резултатите од контролата во НКТС и ги испраќа резултатите на појдовната испостава.

## VI.5. Поедноставена постапка за овластен примач

101. Кога стоката и ТПД, најавени со „Записот за очекувано пристигнување" (IE001), пристигнат на одобрената локација, овластениот примач до одредишната испостава испраќа „Известување за пристигнување" (IE007), наведувајќи ги РДБ, сите настани за време на превозот доколку имало, шифрата на одобрената локација каде царинскиот службеник може да врши контрола и детали за овластениот примач.

102. Доколку „Известувањето за пристигнување" (IE007) доставено од овластениот примач биде прифатено од НКТС, НКТС автоматски до појдовната испостава испраќа „Известување за пристигнување" (IE006).

103. По прифаќање на „Известувањето за пристигнување" (IE007) доставено од овластениот примач, за соодветното движење во НКТС се активира тајмерот „се чека на дозвола за истовар". Тоа е временски рок во кој надлежните царински органи треба да ги извршат контрола, доколку тоа е потребно.

104. Царинскиот службеник ја евидентира во НКТС одлуката за контрола донесена на основа на анализа на ризик, пред истекот на рокот пропишан во одобрението. Со тоа, царинскиот службеник го запира течењето на рокот за дозвола за истовар на стоката.

105. Доколку во рамките на рокот определен во одобрението, царинскиот службеник од надзорната одредишна испостава не донесе одлука за контрола, НКТС автоматски го известува овластениот примач дека може да ги отстрани пломбите и да започне со истовар на стоката со испраќање на пораката „Дозвола за истовар" (IE043).

106. Одлуката за контрола донесена од страна на царинскиот службеник во надзорната одредишна испостава не му се соопштува на овластениот примач. Овластениот примач, и по истекот на рокот предвиден за контрола, не смее да ја истовари стоката доколку пораката „Дозвола за истовар" (IE043) не е испратена до него. Неиспраќањето на пораката „Дозвола за истовар" (IE043) (со исклучок на случаите кога не функционира компјутерскиот систем на царинскиот орган односно на овластениот примач или не функционира мрежната поврзаност помеѓу овие два системи) значи дека за предметното движење поедноставената постапка е запрена. Постапката за контрола на декларираната стока и документи соодветно се применува, како што е опишана во точка VI.2 од ова упатство.

107. Доколку царинскиот службеник од одредишната испостава одлучи да не врши контрола, по истекот на рокот определен во одобрението, НКТС автоматски на овластениот примач му испраќа порака „Дозвола за истовар" (IE043).

108. По извршениот истовар и целосна контрола на стоката, овластениот примач до одредишната испостава ја испраќа пораката „Забелешки за истовар" (IE044), во која се содржани наодите од извршената контрола. Оваа порака, овластениот

примач мора да ја испрати најдоцна 3-от (третиот) ден по испраќањето на „Известувањето за пристигнување" (IE007).

109. Кога состојбата на стоката одговара на декларираната, односно пораката „Забелешки за истовар" (IE044) содржи информации за завршување на истоварот без забелешки, НКТС автоматски ја генерира пораката „Резултати од контрола" (IE018) и ја испраќа до појдовната испостава и истовремено го известува овластениот примач дека може да ја стави стоката во друга постапка со „Известување за пуштање на стока" (IE025).

110. Кога состојбата на стоката не одговара на декларираната, односно пораката „Забелешки за истовар" (IE044) содржи информации за завршување на истоварот со забелешки, царинскиот службеник ги анализира забелешките и одлучува дали ќе врши контрола на стоката.

## VII. Завршување и раздолжување на транзитна постапка

111. Кога појдовната испостава ја примила пораката „Известување за пристигнување" (IE006) и пораката „Резултати од контрола" (IE018) во која е утврдено дека нема неправилности, во НКТС транзитната постапка автоматски се раздолжува. НКТС автоматски го известува главниот обврзник за раздолжувањето со пораката „Известување за раздолжување" (IE045).

112. Во случај кога појдовната испостава прими порака „Резултати од контрола" (IE018) од одредишната испостава во која се содржани неправилности, надлежниот царински службеник од Централната транзитна испостава врши анализа на пријавените неправилности, по потреба бара објаснување од главниот обврзник за неправилностите и ги презема сите мерки, вклучувајќи и наплата на настанатиот долг, со цел да ја раздолжи транзитната постапка со новите податоци, согласно резултатите од контрола.

113. Доколку во пораката „Резултати од контрола" (IE018) во која е наведена шифрата за резултати од контрола „Б1 - Незадоволително" е внесена заблешката „Се чека разрешување на неправилностите", Централната транзитна испостава врз основа на добиеното објаснување од главниот обврзник за неправилностите и другите превземени мерки за раздолжување на транзитната декларација доставува до одредишната испостава „Известување за разрешување на неправилностите" (IE020).

114. По приемот на резултатите од контрола „А1 - Задоволително" и „А2 - Се смета за задоволително" испратени од одредишната испостава, појдовната испостава автоматски ја испраќа пораката „Откажување на употреба на гаранција" (IE204) до гарантната испостава со цел раздолжување на употребената гаранција.

115. Доколку појдовната испостава во рок во кој стоката мора да се стави на увид кај одредишната испостава не ја примила пораката „Известување за пристигнување" (IE006) или во рок од 6 (шест) дена по приемот на оваа порака не ја примила пораката „Резултати од контрола на одредиште" (IE018), надлежниот царински службеник од Централната транзитна испостава покренува испитна постапка за добивање на потребните информации за завршување на постапката, а по потреба и постапка за наплата на долгот. Испитната постапка и постапката за наплата на долг се врши согласно Упатството за спроведување на испитна постапка и постапка на наплата на царински долг во транзит со примена на НКТС.

## VIII. Постапување со податоци од ТИР карнет кои се внесени во НКТС

116. Одредбите од ова упатство, со исклучок на точката 13, делот III.7 Пуштање на стока од страна на овластен испраќач (точки 45 до 47), делот V. Постапка кај транзитната испостава (точки 63 до 77) и точките 83 и 84, соодветно се применуваат и за податоците од ТИР карнетот кои се внесени во НКТС.

117. Кога се спроведува транзитна постапка со употреба на ТИР карнет носителот на ТИР карнетот е одговорен за поднесување на податоците за ТИР операцијата во електронска форма до појдовната испостава, но истите немаат третман на електронска декларација и во случај на неусогласеност на податоците во електронска форма со податоците во ТИР карнетот, за цели на постапката се користат податоците во ТИР карнетот. Податоците за ТИР операцијата во електорнска форма можат да бидат поднесени и од страна на застапник на носителот на ТИР карнетот.

118. И покрај тоа што носителот на ТИР карнетот е должен да ги поднесе податоците за ТИР операцијата во појдовната испостава со користење на НКТС, со цел да се избегнат законските последици кои што можат да произлезат од разликите помеѓу податоците во електронските пораки и податоците во ТИР карнетот, носителот на ТИР карнетот и царинските службеници во царинските испостави

се должни да продолжат со пополнување на ТИР карнетот во согласност со ТИР Конвенцијата.

119. При поднесување на податоците за ТИР операцијата задолжително се внесува податокот за бројот на ТИР карнетот и шифрата „Б" за вид на гаранција.

120. Царинскиот службеник во појдовната испостава може да прифати ТИР карнет без претходно доставување на податоци за истиот во електронска форма само во случај кога е одобрена примена на резервната постапка, согласно Упатството за резервна постапка во НКТС. Евидентирањето на ТИР карнетот се врши на начин опишан во споменатото упатство.

121. Евидентирањето во НКТС на ставањето на стока во транзитна постапка со употреба на ТИР карнет се смета за евидентирање во Контролникот за ставање на стока во транзитна постапка со ТИР карнет К3, а евидентирањето на завршување на постапката се смета за евидентирање во Контролникот за завршување на транзитна постапка со ТИР карнет К4.

122. Доколку поинаку не е пропишано со ова Упатство, при обработка на хартиените ТИР карнети и спроведувањето на формалностите во појдовната и одредишната испостава се применуваат одредбите од Упатството за спроведување на транзитна постапка.

123. При пуштање на стоката во транзитна постапка со употреба на ТИР карнет царинскиот службеник во појдовната испостава во рубриката број 2 од талонот број 1 од ТИР карнетот задолжително го запишува референтниот број на движење кој за предметната транзитна операција е доделен до НКТС.

124. На барање на носителот на ТИР карнетот појдовната испостава издава ТПД.

125. Одредишната испостава ја завршува ТИР постапката во согласност со Упатството за транзитна постапка. Царинскиот службеник во одредишната испостава го пополнува талонот број 2 од зелениот лист и истиот го задржува, а ТИР карнетот го враќа на носителот на ТИР карнетот или на лице кое настапува во негово име. По исклучок, доколку ТИР операцијата започнала со евидентирање во НКТС-ТИР но во одредишната испостава не е можно во НКТС да се евидентира завршувањето на ТИР операцијата и по истекот на седум дена од моментот на завршување на постапката, талонот број 2 од зелениот лист

треба да се достави до појдовната царинска испостава заради раздолжување на постапката.

126. Доколку во ТИР карнетот се наведени повеќе места за истовар во Република Северна Македонија, носителот на постапката или неговиот застапник треба да поднесе податоци за транзитно движење во електронска форма за секоја одредишна испостава посебно.

127. Во случај кога стоката која е ставена во ТИР постапката се става на увид во простории на лице кое има одобрение за поедноставена постапка во транзит – овластен примач, овластениот примач е должен ТИР карнетот да го поднесе во одредишната испостава заради завршување на ТИР постапката во рокот наведен во одобрението.

## IX. Завршни одредби

128. Ова упатство го применуваат царинските службеници од појдовната, одредишната, транзитната, испоставата за регистрација на инциденти и гарантната испостава, како и од Секторот за царински систем, Одделение за гранични и транзитни формалности.

129. Одговорни за предлагање на измени и дополнување на ова упатство се помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

130. Надлежни за вршење на контрола на спроведување на ова упатство се раководителите на организационите единици надлежни за постапување.

131. Контрола на спроведување на одредбите на ова упатство може да вршат Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност.

132. Секторот за царински систем веднаш по неговото потпишување, ова упатство го прави достапно за сите вработени.

133. Сите непосредни раководители се должни со одредбите на ова упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

134. Секое постапување спротивно на одредбите на ова упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

135. Секторот за царински систем го објавува ова упатство согласно Процедурата за депозитар на документација.

136. Со стапувањето на сила на ова Упатство престанува да важи 01.30.31.УП.010.08 Упатството за спроведување на транзитна постапка со примена на НКТС број 01 – 037095/15-0005 од 12.01.2021 година.

Директор
Бобан Николовски

Бр. 01 – 037095/15-0006
Скопје, 23 -01- 2025

Обрасци :
- 01.30.31.УП.010.09-ОБ.01.09 IE119: Транзитен контролен протокол на поаѓање
- 01.30.31.УП.010.09-ОБ.02.09 IE120: Транзитен контролен протокол на одредиште

Изработил: Гордана Динеска
Одобрил: Олег Јосифов
Согласен: Марјан Тасевски

Упатството го подготви: Сектор за царински систем

Приматели:

Директор
Заменик директор
Советници на директорот
Помошници директори на сектори
Началници на независни одделенија
Управници на царинарници

Примерок доставен за : Интерна/екстерна употреба

Оригиналот се чува во:

Сектор за царински систем
Архива

# IE119: ТРАНЗИТЕН КОНТРОЛЕН ПРОТОКОЛ НА ПОАЃАЊЕ

Декларација: Вид:..................................
РБД:..........................................................................
Датум на прифаќање:..............................................

Датум на контрола:........................................... Одлучил:..........................................
(име на службеник)

Вид на контрола:
☐ Документарна
☐ Физичка ☐ Детална контрола
☐ ☐ Делумна контрола
☐ Скенер
☐ Друго: (да се наведе)...............................................................................................

Контролирал:..........................................................................................................(име на службеник)
Главен обврзник (50):............................................................................................................(ЕДБ и име)
Застапуван од:..........................................................................................................(име на застапник)

Главниот обврзник (или застапникот) присуствува на контролата:
☐- Да ☐ - Не

Проверка на возило:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ☐ | Регистарска ознака на транспортно средство | ☐- ОК | ☐- Не е ОК | |
| ☐ | Националност на транспортно средство | ☐- ОК | ☐- Не е ОК | |
| ☐ | Можност за пломбирање | ☐- Да | ☐- НЕ | |
| ☐ | Контејнер | ☐- Да | ☐- НЕ | Број.......................... |

Проверка на стока:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ☐ | Вкупно колети (6): | ☐- ОК | ☐- Не е ОК | ☐- неможност да се утврди |
| ☐ | Обележја и броеви (31) : | ☐- ОК | ☐-Не е ОК | ☐- неможност да се утврди |
| ☐ | Бруто тежина (35): | ☐- ОК | ☐- Не е ОК | ☐- неможност да се утврди |
| ☐ | Тарифни ознаки (33) : | ☐-ОК | ☐- Не е ОК | ☐-неможност да се утврди |
| ☐ | Износ на гаранција : | ........................ | | |

☐ – Од главниот обврзник ☐ – сопствена пресметка

☐ Опис на стока (31): .....................................................................................................
.....................................................................................................
.....................................................................................................

<u>Забелешки од контрола:</u>

☐ Помали разлики (А1) ☐ – Прифатено од економски оператор ☐ – Неприфатено од економски оператор ☐ – Неодлучен економски оператор

Опис на разликите: ......................................................................................................
......................................................................................................
......................................................................................................
......................................................................................................
......................................................................................................
......................................................................................................

☐ Поголеми разлики (Б1)

Опис на разликите: ......................................................................................................
......................................................................................................
......................................................................................................
......................................................................................................

<u>Преземени мерки:</u>

☐ Ставени пломби ☐ - Да ☐- Не ☐- Изземање

- Број на пломби ......................................
- Сериски број на пломби ......................................................................................................
......................................................................................................

<u>Потврда:</u>

| <u>Контролор:</u> | <u>Главен обврзник (застапник)</u> | <u>Примил:</u> | <u>Печат</u> |
|---|---|---|---|
| Име: | | | |
| ................................ | ................................ | ................................ | |
| ................................ | ................................ | ................................ | |
| Датум: ................................ | ................................ | ................................ | |
| Потпис: | | | |
| ................................ | | | |
| ................................ | ................................ | ................................ | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.31.УП.010.09-ОБ.02.09

# IE120: ТРАНЗИТЕН КОНТРОЛЕН ПРОТОКОЛ НА ОДРЕДИШТЕ

Декларација: Вид:........................................
РБД...................................................................................
Датум на прифаќање:................................................

Датум на контрола:........................................ Одлучил:..........................................
(име на службеник)

Вид на контрола:
☐ Документарна
☐ Физичка ☐ Детална контрола
☐ ☐ Делумна контрола
☐ Скенер
☐ Друго: (да се наведе)..................................................................................

Контролирал: ..........................................................................................(име на службеник)
Става на увид: ................................................................................................(ЕДБ и име)
Застапуван од: ......................................................................................(име на застапник)
Главен обврзник (или застапникот) присуствува на контролата: ☐ – Да ☐ - Не

Проверка на возило:

☐ Регистарска ознака на транспортно средство ☐- ОК ☐- Не е ОК
☐ Националност на транспортно средство ☐- ОК ☐- Не е ОК
☐ Пломби ☐- ОК ☐- Не е ОК
☐ Контејнер ☐- Да ☐- НЕ Број...........

Проверка на движење:

☐ Реекспорт (53) : ☐ – Да ☐ – Не
☐ Претовар (55) : ☐ – Да ☐ – Не
☐ Други инциденти (56) : ☐ – Да ☐ - Не

Проверка на стока

☐ Вкупно колети (6) : ☐- ОК ☐-Не е ОК ☐- неможност да се утврди
☐ Обележја и броеви (31): ☐- ОК ☐- Не е ОК ☐- неможност да се утврди
☐ Бруто тежина (35) : ☐- ОК ☐-Не е ОК ☐-неможност да се утврди
☐ Тарифни ознаки (33) : ☐- ОК ☐-Не е ОК ☐-неможност да се утврди
☐ Опис на стока (31): ..................................................................................................

Забелешки од контрола: ..................................................................................................
☐ Опис на разлики: ..................................................................................................
..................................................................................................
..................................................................................................

<u>Преземени мерки:</u>

а. Привремено задржана стока

☐ Објаснување на возачот приложено

☐ Објаснување на главниот обврзник (или застапник) на увид приложено

☐ Примачот е подготвен да плати дополнителни давачки ☐ - Да ☐ - Не ☐ Неодлучен

☐ Друго (да се појасни) ..........................................................................................................................................

.............................................................................................................................................................................

| Потврда: Контролор: | | Главен обврзник (застапник) | Примил: | Печат |
|---|---|---|---|---|
| Име: | ................................ | | | |
| | ................................ | ............................................... | .................................... | |
| Датум: | ................................ | ............................................... | .................................... | |
| Потпис: | | | | |
| | ............................................ | | | |
| | ............................................ | ............................................... | .................................... | |